Врз основа на член 11 од Спогодбата за основање на Локален Економско Социјален Совет на општина Битола, Локалниот Економско Социјален Совет на општина Битола на седницата одржана на _____ година, усвои

ПРЕДЛОГ - ДЕЛОВНИК
за работа на Локален Економско Социјален Совет на општина Битола

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Деловник за работа се уредува начинот на работа и на одлучување на Локален Економско Социјалниот Совет на општина Битола (во понатамошниот текст: ЛЕСС), како и други прашања од значење за работата на ЛЕСС.

Член 2

Деловникот за работа на ЛЕСС е задолжителен за сите негови членови како и за сите други учесници во работата на ЛЕСС.

II. ЧЛЕНСТВО

Член 3

ЛЕСС има вкупно 12 членови. Во работата на ЛЕСС учествуваат и претставниците на Агенција за вработување на Република Македонија - Центар за вработување – Битола, претставник на средните училишта, претставник на високото образование,Регионална занаетчиска комора Битола, Студенски парламент, Сојуз на средношколска младина, .Федерација на фармери, Сојуз на земјоделци , Форум на здружение на граѓани, Фондацијата бизнис стартап центар, здруженија на лица со посебни потреби.

По потреба во работата на ЛЕСС се вклучуваат и други заинтересирани институции и организации

Секој од членовите на ЛЕСС и претставниците кои учествуваат во работата на ЛЕСС, треба да именуваат свој заменик.

Член 4

Доколку претставникот - член на ЛЕСС, не дојде на седница најмалку три пати едно подруго без за тоа да има оправдана причина, неговото членство во ЛЕСС престанува и се бара именување на друг претставник

III. ОРГАНИ

Член 5

ЛЕСС има претседавач, заменик претседавач и секретар.

Претседавач и заменик претседавач

Член 6

Претседавачот, заменикот претседавачот и секретарот се избираат со консензус.

Изборот се врши со јавно гласање.

Мандатот на претседавачот и заменик претседавачот изнесува 4 години.

Претседавачот, заменик претседавачот и секретарот се разрешуваат со консензус.

Член 7

Претседавачот ги има следните функции:

- го претставува и застапува ЛЕСС и ја популаризира неговата работа;
- подготвува и поднесува годишен план за работа на ЛЕСС;
- ја спроведува политиката, заклучоците и одлуките донесени од ЛЕСС;
- свикува и води седници на ЛЕСС;
- предлага формирање на работни тела и именува координатори на истите;
- подготвува и поднесува годишен извештај за работата на ЛЕСС пред Советот на општина Битола и пред ЛЕСС;
- се грижи за одржливиот развој на ЛЕСС, и
- врши и други работи утврдени со овој Деловник или со одлука на ЛЕСС.

Секретар

Член 8

ЛЕСС има секретар кој се избира со консензуз . Мандатот на секретарот на ЛЕСС изнесува 4 години.

Член 9

Секретарот на ЛЕСС ги има следниве функции:

- учествува во подготовката, комуникацијата, организирањето и одржувањето на седниците на ЛЕСС;
- врши административни работи за функционирање на ЛЕСС и се грижи за неговата архива;
- учествува во подготовката на годишниот извештај за работата на ЛЕСС;
- поднесува извештај еднаш на три месеци за прогресот и работата на ЛЕСС до сите членови на ЛЕСС;
- дава сугестии и натамошни информации за теми за кои е потребно постигнување на консензус во однос на решенијата и активностите;
- се грижи за одржливиот развој на ЛЕСС,
- ги следи сите настаните кои се поврзани со остварувањето на заедничките цели на социјалните партнери и за тоа го известува претседавачот на советот, и
- врши и други работи утврдени со овој Деловник или со одлука на ЛЕСС.

IV. НАЧИН НА РАБОТА

Подготовка и свикување на седниците

Член 10

ЛЕСС работи на седници.

На седниците ЛЕСС зазема став, дава мислење, покренува иницијативи и со препораки предлага решенија и одлучува за прашања од својата надлежност.

Член 11

Седниците на ЛЕСС ги свикува и води претседавачот, а во случај на негова спреченост заменик претседавачот.

Седници на ЛЕСС се одржуваат по потреба, а најмалку еднаш квартално.

.

Член 12

Иницијатива за свикување на седница на ЛЕСС може да покрене секој негов член, вклучително и оние членови кои партиципираат во неговата работа наведени во член 3, или нивните заменици.

Иницијативата за свикување на седница на ЛЕСС се покренува со барање за свикување на седница и образложение во писмена форма доставено до претседавачот електронски или во печатена форма.

Претседавачот е должен да свика седница на ЛЕСС во рок што ќе го побараат подносителите на иницијативата или најдоцна 10 дена од поднесувањето на барањето со образложение за итноста на предложениот материјал.

Член 13

Седниците на ЛЕСС се свикуваат со покана и предлог дневен ред, предлог записникот од претходната седница и работен материјал најмалку 5 дена пред одржувањето на седницата.

Поканата, предлог дневниот ред и работните материјали до членовите се доставуваат во пишана форма по пошта или електронска пошта.

Во исклучителни случаи седницата може да се свика во покус рок од предвидениот и усно без доставување на покана односно работен материјал.

Работните материјали ги изготвува предлагачот на точката на дневниот ред или друга надлежна институција.

Предлагачот на точката на дневниот ред може да побара помош од секретарот во подготвувањето на работните материјали.

Член 14

Дневниот ред за седницата го предлага претседавачот, а го усвојува ЛЕСС на самата седница.

Подготовки за свикување на седниците на ЛЕСС и утврдување на конечниот предлог на дневниот ред ги врши претседавачот во соработка со секретарот во претходна консултација со претставниците на социјалните партнери.

Секој член може да предложи измени и дополнувања на дневниот ред со образложение.

Дневниот ред се усвојува ако за него се изјасниле мнозинството од присутните членови на ЛЕСС.

Одржување на седниците

Член 15

Седницата ја отвара и со неа раководи претседавачот на ЛЕСС, а во случај на негова спреченост заменик претседавачот.

Член 16

Седница на ЛЕСС се одржува доколку на истата присуствуваат најмалку 8 членови, со тоа што мора да биде застапен секој од потписниците на Спогодбата.

Членовите на ЛЕСС наведени во член 3 од Деловникот, кои задолжително учествуваат во работата на ЛЕСС имаат право на глас доколку се разгледуваат прашања поврзани со политиката на вработувањето, особено вработувањето на младите, образование и професионална обука и други прашања кои се однесуваат на дијалогот на локално ниво помеѓу јавниот и приватниот сектор, меѓу системот за образование и за поддршка при вработувањето и работодавачите, вклучувањето на младите во дијалогот, и зајакнување на врските помеѓу потребите на пазарот на труд и вештините што се развиваат кај младите преку образовниот систем.

Член 17

На седници на ЛЕСС можат да присуствуваат и да учествуваат во работата на ЛЕСС и членови на комисиите на ЛЕСС, стручни лица и претставници на други институции и организации од областа за која се расправа.

Член 18

Седницата започнува со усвојување на записникот од претходната седница и усвојување на дневниот ред.

Член 19

Расправите, дискусиите и одлучувањето на седниците се врши по точките од дневниот ред.

Претседавачот отвара претрес по секоја точка од дневниот ред.

Претседавачот во текот на водењето на седницата предлага ставови, мислења, иницијативи, препораки и заклучоци, дава и одзема збор и го одржува редот на седниците.

Член 20

Времетраењето на расправите и дискусиите е ограничено на 5 мин.

Дискусијата на учесникот може да биде прекината од претседавачот доколку отстапува од дневниот ред.

Редоследот на учесниците во дискусијата е согласно пријавувањето.

Член 21

Закажаната седница на ЛЕСС може од оправдани причини да биде откажана или прекината.

За откажување на одржувањето на седницата претседавачот ги известува членовите и воедно ги известува за променетиот датум и време на одржување на откажаната седница.

Прекин на седницата може да настане и поради грубо кршење на редот на седницата за што одлучува ЛЕСС.

Член 22

ЛЕСС може да побара мислење, ставови и препораки по одредени значајни прашања од своите работни тела и комисии пред нивното конечно усвојување.

Член 23

По правило ЛЕСС своите мислења, препораки, предлози и документи ги усвојува со консензус од присутните, или со гласање доколку претседателот, односно членовите на ЛЕСС претходно тоа го побарале.

Член 24

Своите мислења, препораки, заклучоци и предлози ЛЕСС ги доставува до Советот на општина Битола, до други релеванти институции, организации, здруженија и правни лица, како и до средствата за јавно информирање, за што одлучува ЛЕСС.

Членовите кои го претставуваат Советот на општина Битола, треба да доставуваат до ЛЕСС, пред оддржување на следната седница на Советот на општина Битола, инфомација за точките од Дневниот ред на седницата, доколку има точки кои се од интерес и поврзани со делокругот на работата на ЛЕСС, со цел ЛЕСС да може да дискутира за нив и навреме да даде свое мислење до Советот на општина Битола.

Член 25

За секоја одржана седница на ЛЕСС се води записник. Записникот го води и изготвува секретарот на ЛЕСС и тој треба да содржи:

- број на седница
- датум, место, и време на одржувањето на седницата
- имиња на присутни и отсутни членови на ЛЕСС
- дневен ред на седница
- кратка содржина на секоја дискусија
- усвоени ставови, мислења, заклучоци и документи.

Секој член на ЛЕСС може да побара во записникот да биде внесено неговото мислење.

Записникот го потпишува претседавачот на ЛЕСС, а се усвојува на првата наредна седница.

Записниците од седниците на ЛЕСС ги чува и за нив е одговорен секретарот на ЛЕСС.

Член 26

Заради разгледување на ставовите по одделни прашања од својот делокруг ЛЕСС формира постојани и повремени работни тела.

Со работата на секое работно тело раководи координатор, кој го именува претседавачот.

Во секое работно тело учествува по еден претставник од потписниците на Спогодбата а во зависност од темата која ја покрива телото и членовите кои партиципираат во работата на ЛЕСС.

Во работата на овие тела покрај членовите на ЛЕСС можат да учествуваат и други стручни надворешни членови, односно поединци, претставници на организации или институции кои се непосредно заинтересирани за или ангажирани во областа на која се однесува целта поради која е формирано работното тело, заради консултации или искажување на мислења и информации од интерес за работата на групата.

Седници на работното тело може да се свикаат и на барање на претседавачот на ЛЕСС.

Член 27

Заради успешно остварување на работите од својот делокруг ЛЕСС формира комисии.

Членовите на комисиите ги именува Советот на ЛЕСС.

Членови на комисиите можат да бидат членови на ЛЕСС или надворешни членови.

Комисиите од своите редови избираат претседател и можат да донесат свој Деловник за работа, во согласност со Советот на ЛЕСС.

Со состаноците на комисиите на ЛЕСС раководи претседателот на Комисијата.

Улогата на комисиите е стручно и одговорно да ги разгледаат материјалите кои им се доставени од Советот и во рок кој им е даден до секретарот да доставаат свои образложени мислења.

Член 28

ЛЕСС редовно ја информира јавноста за своето работење преку средствата за јавно информирање како и преку други соодветни облици на јавно информирање.

.

VI. ИНТЕРАКЦИЈА СО ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ И ПОЕДИНЦИ

Член 29

Пред одлучувањето по одредени значајни прашања, ЛЕСС може да побара мислења, ставови и препораки од што е можно поширок круг на организации на засегнати страни и експерти, а особено од граѓански организации непосредно засегнати или ангажирани во таа сфера.

Член 30

ЛЕСС има право во спроведувањето на своите активности да соработува со соодветните институции и организации и да бара информации и податоци потребни за извршувањето на својата работа.

ЛЕСС за спроведувањето на своите активности, може да овласти поединци или истражувачки групи составени од експерти, како и директно да соработува со организациите на засегнатите страни.

.

Претседавачот на ЛЕСС во месец јануари поднесува редовен годишен извештај за активностите на Телото за претходната година и план за наредната година до Советот на општина Битола.

VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 31

Измени и дополнувања на овој Деловник се вршат по предлог на било кој член на ЛЕСС, и се сметаат за усвоени доколку за нив гласале 2/3 од присутните членови

Член 32

Овој Деловник стапува во сила од денот на неговото усвојување.

Локален Економско Социјален Совет на општина Битола

Битола, 19.09..2013година

Претседавач
Томислав Давков